Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 03.08.2019

На 02.08.2019 година во 20,00 часот било пријавено дека во Охрид на плажата „Лагадин‟, Д.Л.(35) од Свети Николе скокнал во езерото и со главата удрил во камен, кој се наоѓал во водата. Од здобиените повреди, при транспорт во болница, истиот починал. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при БЈБ на МВР, до ОЈО Куманово поднесе кривична пријава против лицето Д.Д. (28) од Куманово поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело - "неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" по член 215 од КЗ на РСМ.

Според документираните сознанија од истрагата пријавениот во средината на мај месец годинава откако претходно набавил, му продал наркотична дрога марихуана на лицето Д.Д. (38) од Куманово. По ова, купувачот на дрогата заедно со лицето С.Б. (43) од Велес со возило "Фиат-пунто" со велешки регистарски таблички го напуштиле Куманово, меѓутоа за кратко време кај наплатна рампа Сопот, од правец на Скопје кон Велес од страна на полициски службеници патничкото возило било сопрено. При извршен преглед на возилото, на задното седиште била пронајдена марихуаната. Во врска со ова СВР Велес, веќе претходно, односно на 15.05. годинава поднесе кривична пријава против овие две лица до ОЈО Велес под сомнение за сторено кривично дело - "неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" по чл.215 од КЗ на РСМ. Врз основа на издадена судска Наредба од Судија на претходна постапка при Основен Суд Куманово извршен е претрес на дом и други простории кај пријавениот Д.Д. (28) при што му е одземен мобилен телефон со СИМ картичка. Од страна на судија на претходна постапка нему му е одредена мерка притвор во траење од 30 дена.

На 02.08.2019 година во 02,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на патот с.Миладиновци-н.Илинден В.М.(38) од Скопје управувајќи патничко моторно возило „Мерцедес „Ц 200" со скопски регистарски ознаки, изгубила контролаи излетала од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот М.М.(43) кој бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош, а В.М. се здобила со телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.08.2019 година во 16,30 часот било пријавено дека на магистралниот пат Струмица-с.Ново Село, поточно кај с.Дабиле се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "Шкода Фабиа" со струмички регистарски ознаки, управувано од Б.Д.(58) од Струмица и патничко моторно возило "БМВ" со германски национални ознаки управувано од Т.М.(30) од с.Владевци струмичко. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката во возилото "Шкода Фабиа" З.Ѓ.(64), а со телесни повреди се здобила сопатничката во возилото "БМВ" Н.М.(58). Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР-Струмица.

На 02.08.2019 во 20,15 часот кај наплатната рампа Гостивар од страна на полициски службеници од Полициската станица Гостивар лишени од слобода биле К.Н.(27) и Б.Д.(23) двајцата од Скопје поради тоа што кај нив биле пронајдени марихуана и кокаин. Лицата биле приведени во полициска станица за понатамошна постапка.

На 02.08.2019 во 22,00 часот часот кај наплатната рампа Гостивар од страна на полициски службеници од Полициската станица Гостивар лишени се од слобода биле И.М.(29), И.А.(33), Г.М.(32) и Л.Н.(32) сите од Скопје поради тоа што при извршен преглед кај нив била пронадена марихуана.

На 02.08.2019 во 19,00 часот било пријавено дека В.М.(35) од Берово управувајќи патничко моторно возило „Нисан Патрол" со беровски регистарски ознаки по земјен пат што води од место викано „Туртела" кон место викано „Лаките" атар на Берово, изгубил контрола и се преврртел. Во незгодата возачот се здобил со повреди и со возило на Итна медицинска помош Берово бил пренесен во Клиничката болница Штип за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 02.08.2019 во 17,00 часот во СВР Скопје П.А.(29) од с.Слупчане Липково, пријавил дека истиот ден околу 16,45 часот во Комплексот клинки "Мајка Тереза" во Клиниката за гинекологија и акушерство В.Т.(21) од Скопје физички го нападнала. Се работи на расчитување на случајот.

На 03.08.2019 во 08,10 часот во Полициската станица Карпош А.И.(46) од Скопје пријавила дека на ул. "Ристо Равановски" во нивниот дом со давење ја убила нејзината мајка В.И.(74). Од страна на полициски службеници од СВР Скопје излезено било на местото на настанот и во домот било затекнато починатото лице, а од страна на лекар од Итната медицинска помош констатирана била смрт. По наредба на јавен обвинител телото на починатата било дадено за обдукција, а А.И. е задржана во полициска станица.

На 02.08.2019 во 18,30 часот е пронајден Б.В.(58), за кој на 01.08.2019 во 04 часот во Полициската станица Драчево З.Н.(41) од Скопје пријавил дека се оддалечил од домот.

На 03.08.2019 околу 01,30 часот од страна на полициски службеници на ПС Гостивар приведен е Б.Х. (53) затоа што половина час по полноќ, на свадбена свеченост организирана во дворот на неговата куќа во гостиварското село Чајле, пукал со пиштол и им нанел повреди на Х.И.(44) и М.М.(35) од Чајле. Двете жени се пренесени во гостиварската општа болница за укажување на лекарска помош, Извршен е увид под раководство на јавен обвинител. Б.Х. е задржан во Полициската станица Гостивар за натамошна постапка.

На 02.08.2019 околу 16,20 часот било пријавено дека во Штип на улицата „Борис Данев" настанал пожар во куќата на Г.Ч. (40), при што била зафатена кровната конструкција и предниот фасаден дел од куќата, а потоа била зафатена и кровната конструкција на соседната куќа сопственост на Т.С.(44). Од екипа на Територијалната противпожарна единица Штип пожарот бил изгаснат. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Штип

На 02.08.2019 година во 18,50 часот при дадена полициска асистенција на службата за итна медицинска помош за спровод на лицето, М.И. (37) од Скопје, во Психијатриска болница-Бардовци, тој физички ги нападнал полициските службеници и болничкото обезбедување. Лицето е спроведено во болницата.

На 03.08.2019 година во 10,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на булеварот „Македонско Косовска бригада" во тапетарски дуќан сопственост на А.Д.(51) настанал пожар, кој зафатил и две возила кои биле паркирани пред дуќанот. Повредени лица нема. Пожарот бил локализиран од Бригадата за противпожарна заштита. Увид ќе се врши.

На 02.08.2019 во 23,15 часот во СВР Скопје, М.С.(50) од Скопје пријавил дека во дворот од неговата куќа паднало залутано зрно. Извршен е увид и се работи на расчистување на случајот.

На 02.08.2019 во 08.00 часот од страна на Н.С. (43) од село Синѓелиќ, скопско, било пријавено дека во селото на ул "Алија Авдовиќ" Џ.А. (55) вршел градежни работи спротивно на законот со работни машини багер. Полициски службеници постапиле по пријавата, а додека траел службениот разговор, пријавителот Н.С. се качил на вториот кат од куќа и вперил пушка кон Џ.А., но не испукал туку се дал во бегство. Извршен е преглед на теренот и пронајдена е пушката и се работи на расчистување на случајот.

(/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)